МАКЕДОНИЈА НА ИЗЛОЖБАТА ОНУФРИ ВО ТИРАНА

# Празнина во односот на индивидуата и општеството

*Уметничката Искра Димитрова, по неодамнешното учество на изложбата „По ѕидот“, во Стокхолм, со голема возбуда го подготвува својот настап на изложбата ОНУФРИ во Тирана. „Поради затвореноста на тамошната сцена, ова, речиси е и поголем предизвик“, вели Искра*

Во средината на декември, во Тирана ќе се одржи Онуфри - натпреварот на визуелни уметности, со учество на 40 странски уметници од Италија, Германија, Австрија, Англија, Финска, Македонија, Косово, Романија, Русија, Украина, Естонија и Кина. На овогодишната изложба што го продолжува успешното минатогодишно издание на Онуфри, своето учество го најавиле бројни и значајни галериски куратори и уметнички агенции од разни делови на светот. Кураторот на Онуфри, Газменд Мука најавува дека оваа изложба, организирана со претензии да биде последната изложба на светот до 2000 година, акцентот ќе го стави на современата уметност, но, исто така, ќе се обиде и да открие нови димензии во традиционалната албанска уметност. Според најавите „Индивидуата наспроти општеството„ ќе биде најактуелната тема застапена на оваа изложба. Искра Димитрова, како претставник од Македонија, за Онуфри ја подготвува својата нова инсталација, насловена „Suspense“.

Станува збор за одливка на авторката, т.н. силиконска кожа, поставена меѓу две стаклени површини, која треба да виси во просторот. Врз неа ќе се проектира празна видео камера, која на целата инсталација ѝ дава необичен ефект на движење. Целата инсталација ја дополнува и специјално снимен звук, деликатен за опис, кој го следи визуелниот ефект на целата поставовка и го отсликува личното чувство на авторката во однос на зададената тема - индивидуа и општество.

J.Ф.



„Портретот на Плотин“